УВОДНИК

# Од 54а до Илинденска 6б

Извинете, каде е Спомен-домот на Мајка Тереза, прашува несигурно старец, според дијалектот дојден од Струмичко. Момче со школски ранец на грбот, со хамбургер во устата и со пирс на веѓата, му ја покажува вистинската насока. „Шибаш право, ја поминуваш мачката, одиш до шмизлата и веќе си таму. Нема утка".

Овој дијалог е најкраток опис на апсурдот на нашата турбофолкерска глорификација на „вистинските" вредности. Мачка, шмизла и Мајка Тереза на една иста улица, како автентичен македонски триптих за една стравична деградација на елементарните естетски, културни и духовни вредности.

Не можам да разберам дали ни се случува драматична абразија на критериумите поради недостиг од релевантни авторски и урбанистички ставови или сме жртви на свесно кокетирање со кичот, кој треба да ги уништи трагите на ретките, а можеби и последните уметнички гуруа кои залудно се спротивставуваат на популистичко-паланечкиот принцип „кај ќе најдеш згодно место, скулптура посади...". Барањето каква било логика во ваквиот квазиуметнички след и третман на вредностите, е исто толку јалово, колку и барањето одговор што ја спојува Мајка Тереза со дел од оние зачешлани на патец и наместени за сликање, кои го следеа отворањето на Спомен-домот на големата хуманистка и нобеловка.

Има ли публиката од првиот ред какви било допирни точки со пораките на Гонџа Агнеза Бојаџиу? Во што се совпаѓаат, односно на која работна или мисловна кота се сретнуваат нивните активности?

Нејзиното мисионерство беше нематеријално, немерливо во валути, незаменливо за земски удобства, фетиши и имоти... Нејзината мисија не беше добиена на тендер, ниту резултат на загарантирана етничка квота, ниту по принцип за правична застапеност...



КАТЕРИНА БЛАЖЕВСКА

Тие што вчера „по функција или службена должност" го споделуваа споменот за неа, се класичен антипод на нејзиниот чист, едноставен, искрен, непресметан хуманизам. „Хуманизмот" што денес овде се продава е конјунктурен, исплатлив, со вклучено ДДВ, со точно определена маржа. Дури ни таа фалсификувана форма на хуманизам не се случува ако не е проследена со доволно телевизиски камери, во согласност со принципот „давам, за сите да видат дека давам".

Нашите алтруисти од „првиот ред" не сфаќаат дека тоа е всушност екранизација на нивното лицемерство, кое се обидуваат да ни го продадат како благородност.

„Луѓето се гладни за леб, но многу повеќе за љубов", зборуваше Мајка Тереза. И денеска луѓето се гладни за леб и љубов, но и гладни за чесен однос кон нив, гладни за вистина, не за лаги.

**Оние што заскитаа на чинот на реминисценција на хуманистичките траектории на Мајка Тереза, треба да се поклонат пред нејзиното дело, да се покајат за своето морално заоѓање пред хотелските „изгреви" и за ненаситноста по земски блага**

Редот на милосрдието во уличката со адреса 54 А во Калкута е синоним на скромноста и големината на Мајка Тереза. Светот ја знае и ја памти по грижата за гладните, болните, сиромашните. Таа зад себе не остави имоти, резиденции, луксузни коли, пари, хотели..., туку огромно духовно наследство за човештвото.

„Денеска секому му се брза да се збогати повеќе, па децата имаат малку време за родителите, а родителите еден за друг, па во домот почнува нарушувањето на мирот во светот", зборуваше Мајка Тереза.

Оние што вчера беа заскитани на чинот на реминисценција на нејзините хуманистички траектории, треба да се поклонат пред нејзиното дело, да се покајат за своето морално заоѓање пред хотелските „изгреви" и за ненаситноста по земски блага. Тие треба да ги благословуваат и да им помагаат на оние што страдаат за љубов и леб, а не на оние што бараат благослов за државни функции. Треба да ги осветуваат патиштата што водат до морални вредности, а не темелите за шопинг-центри, јавни куќи и тајни станови. Треба да го продадат луксузниот возен парк и да се однесуваат во согласност со она што го проповедаат.

Моралните вредности мора да бидат вратени на нашиот општествен постамент. Тоа треба да биде нашиот највисок споменик, по кој ќе нè препознаваат, а не шмизли, мачки, дрва и по некој Сакандер (Александар Македонски) со големина XXXXXL, со кој ги плашат децата во Индија во недостиг од локална „баба рога".